СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ИСУФ СИНАНИ

за Долнени



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



„Ќе се залагам за општество кое промовира различност и ја препознава вредноста на секој поединец, без разлика на неговата етничка, верска или културна припадност.“

**Почитувани сограѓани на Општина Долнени,**

Со чувство на длабока почит и одговорност, ви ја претставувам мојата кандидатура за градоначалник на Општина Долнени. Како долненец, како човек што со години во континуитет ги следи и живее со реалните проблеми на граѓаните во Општина Долнени, чувствувам одговорност и должност да помогнам. Нашата општина е место што ми буди силни емоции на спомени од најраната младост и место што сакам, заедно со вас, да го изградиме во достоинствен и просперитетен дом за нас и нашите идни генерации. Нашето Долнени е дом во кој сите заеднички сме израснале, дом што го граделе нашите предци и што ни го оставиле како аманет, сега и денес, да го унапредиме и да го издигнеме на секој можен план, за и нашите поколенија со почит да гледаат кон нас.

Ќе се залагам за општество што промовира различност и ја препознава вредноста на секој поединец, без разлика на неговата етничка, верска или културна припадност. Општина Долнени отсекогаш била мозаик на различни заедници што со години живеат заедно и се соочуваат со исти предизвици. Верувам дека во диверзитетот лежи нашата најголема сила. Затоа мојата визија е општина во која сите ќе се чувствуваат еднакво вреднувани, слушнати и вклучени. Ќе работам на политики што промовираат соживот, меѓусебна почит и соработка, преку инклузивни образовни и културни програми, заеднички иницијативи и отворен дијалог. Само така, обединети, ќе можеме да изградиме стабилна и успешна иднина за сите жители на нашата општина.

Тоа гордо чувство на припадност кон нашето Долнени, да им го пренесеме и ние на нашите деца.

Со почит и благодарност,

**Исуф Синани**

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Долнени

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Долнени

1. Едиб Рамовиќ, с. Десово, р. 1976, средно образование, СДСМ;
2. Зоран Илиески, с. Заполжани, р. 1966, средно образование, СДСМ;
3. Емра Црноврршанин с. Лажани, р. 1993, медицинска сестра, СДСМ;
4. Мујо Шкриељ с. Лажани , р. 1975, средно образование, СДСМ;
5. Аце Цветаноски с. Бело Поле, р. 1963, средно образование, СДСМ;
6. Анита Кузманоска с. Сенокос, р. 1992, средно образование, СДСМ;
7. Анис Тариќ с. Житоше, р. 1997, средно образование, СДСМ;
8. Александра Велкоска с. Заполжани, р. 1996, средно образование, СДСМ;
9. Благоја Димкоски с. Новоселани, р. 1993, средно образование, СДСМ;
10. Сабина Саитоска с. Лажани, р. 1984, средно образование, СДСМ;
11. Андријана Алампиевска с. Браилово, р.1990, средно образование, СДСМ;
12. Фарук Зенгоски с,Лажани , р. 1978, средно образование, СДСМ;
13. Николче Цветкоски с. Кошино, р. 1985, електричар, СДСМ;
14. Енгин Амедоски с. Дебреште, р. 1981, средно образование, СДСМ;
15. Сенада Колашинац с. Лажани, р. 1971, средно образование, СДСМ;

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

## ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Со помош на централната власт реализиравме:

- Целосна реконструкција на подрачното училиште во с. Заполжани со помош на Швајцарска амбасада.
- Целосна реконструкција и изградба на ООУ „Мирче Ацев" во с. Лажани со помош на Министерство за образование и наука на РСМ.
- Изградба на спортска сала во с. Дебреште.
- Проширување на регионалниот пат од с. Ропотово до с. Лажани.
- Целосна реконструкција на ООУ „Лирија" во с. Житоше.

## А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Актуелната власт на локално ниво и на централно ниво немаат континуитет во реализацијата на одредени веќе започнати проекти:

- Завршување на започната изградба на канализациските мрежи во следниве населени места: с. Житоше, с. Лажани, с. Дебреште, с. Црничиште, с. Десово, с. Ропотово;
- Реконструкција на локален пат с. Дупјачани – с. Десово;
- Реконструкција на локален пат с. Дупјачани – с. Дреновци и други локални патишта во помали населени места на Општина Долнени.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Мојот мотив за кандидатура за градоначалник на Општина Долнени е општината конечно да добие локална власт, со сериозни и капацитетни кадри. Општина Долнени е мултиетничка средина и е пример за соживот и заемна почит меѓу граѓаните. Во различностите го гледаме нашето богатство. Тоа се вредности, коишто мораме да ги негуваме, надградуваме, но и да создаваме нови.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Наместо досегашните политики на раздор и поделба на граѓаните по секој можен основ: партиски, верски, етнички и социјален, јас нудам безрезервна посветеност во

обединување на сите граѓани во општината и ангажирање на сите квалитетни кадри што ќе придонесат за економски, културен, социолошки, образовен, еколошки и инфраструктурен развој на нашата општина.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Општина Долнени е инфраструктурно обезличена, комунално рудиментирана и е последна општина по развој. Одговорно ќе работиме да обезбедиме еднаквост за сите жители, без разлика на пол, вера, националност и социјален статус, во нашата општина.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се клучен фактор за функционирањето на Долнени. Нивната енергија, креативност и потенцијал мора да се препознаат и да се поддржат. Затоа ќе работиме на отворање нови можности за образование, вработување, спорт и култура, за да создадеме услови младите да останат и да се развиваат во своето родно место.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Во нашата општина чест проблем се тесните и лошо одржувани улици, каде што често доаѓа до сообраќајни незгоди. Истовремено, недоволно осветлени улици и слаба контрола во одредени делови од општината. Ќе се залагаме за подобра соработка со полицијата, подобрување на уличното осветлување, безбедни зони и подобро регулирање на сообраќајот.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Добро испланирана општина значи ефикасна инфраструктура, пристапност до сите јавни услуги и подобар квалитет на живот. Ќе иницираме урбанистички планови, кои се функционални и современи и ќе се фокусираме на подобрување на локалните патишта. Сите населени места мора да бидат поврзани, достапни и чисти.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за**

**јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени. Ќе вложиме во чистење на дивите депонии, редовна хигиена на јавните простори и ќе поттикнеме еконавики кај граѓаните. Преку образовни кампањи, соработка со инспекциските служби и нови еколошки проекти, ќе го направиме Долнени почиста и поздрава средина за живеење.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Довербата се враќа со дела, не со зборови. Ќе воведеме целосна транспарентност во трошењето на јавните средства, ќе бидеме отворени за јавни расправи и редовно ќе комуницираме со граѓаните. Општината мора да биде сервис за граѓаните, а не привилегија за избраните. Со фер и отчетна работа, можеме да ја вратиме надежта и довербата во институциите.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Иднина без луѓе - нема. Мораме да создадеме услови што ќе ги мотивираат младите да останат. Ќе вложуваме во квалитетно образование, спорт и културен живот. Ќе поддржиме млади претприемачи и ќе овозможиме перспективна иднина во родното место.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Јас сум дел од народот, живеам со проблемите и не бегам од одговорност. Не ветувам невозможни проекти, туку работа, интегритет и отворена врата за секој граѓанин. Нашата цел е искрена служба на народот, а не лична корист. Ние ќе го слушаме секој еден, ќе се консултираме и ќе постапуваме онака како што заслужуваат граѓаните.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Функционален и безбеден јавен простор**
- Изградба на нови детски градинки во с. Дебреште, с. Лажани, с. Црнилиште, с. Ропотово и с. Долнени.
- Реконструкција и опремување на детските градинки во с. Житоше и с. Десово.
- Нови детски забавни паркови.
- **Чиста и здрава животна средина**
- Чистење на постојни диви депонии.
- Нови контејнери во сите населени места.
- Посебни контејнери за селекција и рециклирање отпад.
- **Општина по мерка на граѓаните**
- Непосредно учество во креирање на локалната политика, со тоа што пензионерите, во зависност од нивното професионално искуство, ќе бидат советодавно тело.
- Формирање на нов клуб на пензионери во с. Долнени, како и обезбедување пензионерски дом во с. Долнени.
- Организирање општински турнири во шах и табла во просториите на пензионерскиот дом во општината.
- Отчет за сработеното транспарентно управување со општината.
- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Еднократна финансиска поддршка за сите првачиња.
- Реконструкција и доградба на ОУ „Лирија" с. Житоше за ПУ во Локвени; ОУ „Пецо Даскалот" с. Долнени за ПУ•Вранче, ПУ во Бело Поле, ПУ во Браилово; ОУ „Пере Тошев" с. Дупјачани (Десово) за ПУ во Небрегово и ПУ во Дреновци.
- Реконструкција на санитарни јазли во поголем број од горенаведените ОУ на Општина Долнени.
- Парно греење во ОУ „Ѓорче Петров" с. Ропотово и ОУ „Пецо Даскалот" с. Долнени
- Набавка на наставни помагала во сите ОУ на Општина Долнени.

Изградба на спортски терени и спортски сали во ООУ „Лирија" с. Житоше, ООУ „Пецо Даскалот" с. Долнени, ООУ „Исмаил Ќемали" с. Црнилиште и ООУ „Пере Тошев" с. Десово.



Бесплатен превоз за ученици и наставници што патуваат до училиштето

- Основање на Младински центар во Долнени.
- Изработка на локална стратегија за млади, во соработка со Локалниот младински совет.
- Учество на младите во организирање на културно•уметнички и спортско•рекреативни настани во соработка со Општината.
- Активно учество на младите во работењето на Советот на Општината и директно креирање на политиките од интерес на младите.
- Одржување на годишни младински работилници за разработка на иницијативи.
- Наградување на првенците на генерацијата од основните и од средното училиште во Долнени.
- Наградување на учениците со освоени високи места на регионални, државни и меѓународни натпревари.
- Избор на млади спортисти на годината, жители на Општина Долнени.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на микроакумулации

Познато е дека изградбата на вакви микроакумулации е неопходен предуслов за современо производство, развој и заштита на ридско-планинските подрачја.

Овој тип микроакумулации обезбедуваат вода за наводнување на земјоделското земјиште, за напојување на стоката и за други потреби. Управувањето со ваквите системи за наводнување ќе биде доделено на водокориснички здруженија преку кои земјоделците, како директни корисници на водата, сами ќе управуваат и ќе решаваат за користење на водите.

- Изработка на студија за изградба на микроакумулации во населените места Дебреште, Ропотово и Лажани и изградба на мрежа и канали за наводнување;

  Во населено место Стровија за с. Црнилиште, с. Костинци, с. Секирци и други населени места;
- Реконструкција на акумулација во Десово, Борино 1 и 2 и Присад;
- Изградба на акумулациите во с. Небрегово.

**Влијание на проектот:**

Развој на земјоделството и обезбедување поголеми приноси од земјоделските култури.

**Целна група:**

Жителите на Дебреште, Ропотово, Лажани, Десово, Браилово, Црнилиште, Костинци, Секирци

**Рок на реализација**

2028 година

## Студија за приклучок на регионалниот водовод Студенчица

Населените места: Црнилиште, Десово и Браилово се водоснабдуваат од постојни бунари и резервоари што немаат квалитетна вода за пиење и не ги задоволуваат потребите на месното население, а водоснабдувањето се врши преку бунарски пумпи, кои се големи потрошувачи на електрична енергија. Со проектот е планирана изработка на студија за изведба и изградба на главен цевковод, од регионалниот водовод Студенчица до населените места.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект би се решил еден од најголемите проблеми на населението од Десово, Браилово и Црнилиште.

**Целна група:**

Жителите на Десово, Браилово и Црнилишт

**Рок на реализација** 2027 година

## Проширување и доградба на регионалниот пат Лажани - Житоше - Кривогаштани и регионалниот пат Црнилиште - Ропотово

Регионалниот пат Црнилиште - Ропотово и Лажани - Житоше - Кривогаштани е од големо значење за граѓаните од цела Општина Долнени, а ги поврзува и општините Кривогаштани и Крушево, каде што гравитираат од 25 000 до 30 000 жители. Поради оптовареноста и фреквенцијата на сообраќај на овој регионален пат, граѓаните имаат потреба од нормално функционирање и движење. На патот отежнато се разминуваат две возила, а во случај да се пресретнат две товарни возила, не постои можност за разминување.

**Влијание на проектот:**

Поради оптовареноста и фреквенцијата на сообраќај на овој регионален пат, граѓаните имаат потреба од нормално

функционирање и движење. На патот отежнато се разминуваат две возила, а во случај да се пресретнат две товарни возила не постои можност за разминување.

**Целна група:** Сите жители на Општина Долнени

**Рок на реализација** 2026 година

## Индустриско-стопански зони, откупни и преработувачки земјоделски капацитети во с. Дебреште, с. Ропотово, с. Лажани и с. Долнени

- Индустриско-стопанска зона - с. Дебреште, покрај регионалниот пат Прилеп - Македонски Брод;
- Индустриските зони ќе бидат насочени кон привлекување странски инвестиции, но пред сѐ, поттикнување и развој на условите за развој на малото стопанство;
- Индустриско-стопанска зона - с. Ропотово, покрај регионалниот пат Прилеп - Македонски Брод;
- Пазарна зона во општината, со што ќе овозможиме промоција и трговска размена на целокупното земјоделско производство на житните култури, градинарството и сточарството;
- Индустриско-стопанска зона – с. Лажани;
- Индустриско-стопанска зона – с. Долнени – покрај регионалниот пат Прилеп - Македонски Брод;

**Влијание на проектот:**

- Отворање нови работни места, со што жителите на општината ќе имаат подостоинствен живот
- Обезбедување поволни услови за привлекување странски инвестиции, но пред сѐ, развој на малото стопанство;
- Реализација на посебна трговска и пазарна зона во општината, со што ќе овозможиме промоција и трговска размена на целокупното земјоделско производство (тутунопроизводството, житните култури, градинарството и сточарството) од Општина Долнени и пошироко

**Целна група:** Жителите на Општина Долнени

**Рок на реализација** 2027 година

## Довршување на градбата на фекалните канализации во с. Житоше, с. Лажани, с. Дебреште, с. Црнилиште, с. Десово и с. Ропотово

Уште пред околу 10-15 години беа започнати активности за изградба на фекални канализации, но за жал, не беа довршени ни од оваа ни од претходната локална власт.

- Довршување на градбата на фекалната канализација во с. Житоше и приклучок на пречистителната станица во употреба;
- Довршување на изградбата на фекалната канализација во с. Лажани и пречистителната станица;
- Довршување на градбата на фекална канализација во с. Дебреште и обезбедување струја за приклучок на пречистителните станици и пуштање во употреба;
- Довршување на градбата на фекална канализација во с. Црнилиште и пречистителната станица;
- Довршување на градбата на фекална канализација во с. Десово и пречистителната станица;
- Довршување на градбата на фекална канализација во с. Ропотово и пречистителната станица.

**Влијание на проектот:**

Во овие четири населени места живеат околу 11 000 жители со околу 2 000 домаќинства, кои чекаат да се довршат овие проекти. Со изградбата на фекалните канализации би се подигнал квалитетот на животот на граѓаните.

**Целна група:**

Жителите на с. Житоше, с. Лажани, с. Дебреште, с. Црнилиште, с. Десово и с. Ропотово

**Рок на реализација** 2029 година

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Изградба на фекална канализација во с. Долнени, с. Заполжани и с. Пешталево

Овој проект предвидува изградба на фекални канализации во с. Долнени, с. Заполжани и с. Пешталево. Со тоа би се решил проблемот со фекалниот отпад на граѓаните и би придонело за подобрување на животната средина.

### Влијание на проектот:

Заштита на животната средина и поубава и попријатна природа за потребите на граѓаните бидејќи фекалиите се со септички јами или евентуално се низ одредени канали по населени места.

### Целна група:

Жителите на горенаведените населени места од Општина Долнени

## Изградба на локален пат с. Дупјачани - с. Десово

Целосна изградба на овој локален пат за кој претходната власт изготви проект. Патот е во должина од 3,5 км и ширина од 3,5 м.

### Влијание на проектот:

За полесна комуникација, проодност и безбедност при движење или разминување на возила. како и доаѓање до одредена дестинација.

### Целна група:

Жителите на с. Десово и с. Дупјачани, како и потребата за околните населени места.

### Рок на реализација

2028





## Реконструкција на локалниот пат с. Дупјачани - с. Дреновци

Потребна е целосна и реконструкција на локалниот пат с. Дупјачани - с. Дреновци, во должина од 3,5 км и ширина од 3,5 м.

### Влијание на проектот:

Безбедна комуникација и беспрекорно движење на возилата. Тој дел од патот исклучиво се користи од страна на земјоделците за побрзо доаѓање до нивните парцели.

### Целна група:

Жители на горенаведените населени места

### Рок на реализација

2028 година

## Реконструкција на локален пат с. Новоселани - с. Заполжани

Потребна е целосна реконструкција на локалниот пат с. Новоселани - с. Заполжани, кој е граден пред 25 години и е во многу лоша состојба. Патот е во вкупна должина од 4 км со ширина 3,5 м.

### Влијание на проектот:

За развој на наведените населени места и нивна комуникација и безбедно патување и избегнување сообраќајни несреќи што често се случуваат на овој пат.

### Целна група:

Жители на горенаведените населени места

### Рок на реализација

2029 година

# ПРОЕКТИ

## Изградба на локален пат с. Бело Поле – с. Вранче

Потребна е целосна реконструкција на локалниот пат с. Бело Поле - с. Вранче, кој е граден пред 30 години и е крајно оштетен и непрооден на многу места. Патот е потребно да се асфалтира без тампонирање од вкупна должина 2,5 км и ширина од 3,5 м.

**Влијание на проектот:**

За развој на наведените населени места и нивна комуникација и безбедно патување и избегнување сообраќајни несреќи што често се случуваат на овој пат.

**Целна група:**

Жителите од горенаведените населени места

**Рок на реализација**

2028 година

## Доградба на локалниот пат с. Костинци - с. Долгаец - с. Маргари

Беа обезбедени средства од Владата на Република Северна Македонија за реализација на проектот, меѓутоа проектот не е целосно завршен. Останато е уште 2,5 км должина за доградба и ширина од 3,5 м.

**Влијание на проектот:**

За развој на наведените населени места и нивна комуникација и безбедно патување и избегнување сообраќајни несреќи што често се случуваат на овој пат.

**Целна група:**

Жителите од горенаведените населени места

**Рок на реализација**

2028 година

## Тампонирање и асфалтирање на локалниот пат с. Ропотово – с. Рилево

Патот има земјена подлога и е тешко прооден. Потребна е целосна изградба на нов пат со тампонирање и асфалтирање во должина од 5 км и ширина 3,5 м.

**Влијание на проектот:**

За развој на наведените населени места и нивна комуникација и безбедно патување и избегнување сообраќајни несреќи што често се случуваат на овој пат.

**Целна група:**

Жителите на горенаведените населени места

**Рок на реализација**

2028 година

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Долнени

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## с. Десово

- Доградба на фекална канализација
- Изградба на локалните улици
- Приклучување на водоводот на регионалниот водовод Студенчица
- Реконструкција на микроакумулација Десово и мрежа за наводнување
- Доградба на коритото на реката
- Изградба на локалниот пат Дупјачани – Десово

## с. Лажани

- Довршување на фекалната канализација со пречистителна станица
- Изградба на улица од Шкриељско Маало кон училиштето
- Изградба на детска градинка
- Изградба на фудбалско игралиште
- Изградба на стопанска зона

## с. Дебреште

- Довршување на фекалната канализација и пуштање во употреба на пречистителните станици
- Изградба на микроакумулацијата Дебреште
- Изградба на детска градинка
- Изградба на индустриско-стопанска зона

## с. Житоше

- Довршување на фекалната канализација и пуштање во употреба на пречистителната станица
- Изградба на улици
- Изградба/реконструкција на главниот цевковод до резервоар
- Опремување на детската градинка и нејзино отворање
- Изградба и реконструкција на патот Лажани - Житоше – Кривогаштани

## с. Локвени

- Реконструкција и оградување на ПУ Локвени
- Изградба на улици

## с. Кошино

- Изградба на улица кон ПУ Кошино и мост преку реката
- Изградба на улицата кон манастирот
- Изградба на улицата од центарот кон Горни Бунар
- Отворање на одводни канали покрај главниот пат

## с. Ропотово

- Изградба на фекална канализација
- Индустриска зона
- Чистење на одводните канали низ селото и надвор

- **с. Пешталево**
  - Изградба на фекална канализација
  - Изградба на локални улици
  - Чистење на одводните канали низ селото
  - Реконструкција и оградување на ПУ Пешталево
- **с. Рилево**
  - Изградба на локалниот пат Ропотово – Рилево
  - Доградба на водоводот и приклучување на Студенчица
- **с. Секирци**
  - Доградба на фекалната канализација и пуштање во употреба
- **с. Костинци**
  - Изградба на фекална канализација
  - Изградба на улици
  - Реконструкција на ПУ Костинци
- **с. Долгаец, с. Маргари**
  - Доградба и изградба на локалниот пат Костинци - Долгаец - Маргари
  - Одржување на водоводите во с. Долгаец и с. Маргари
- **с. Стровија**
  - Изградба на улица
  - Изградба на микроакумулација – Стровија
- **с. Гостиражни**
  - Реконструкција на ПУ Гостиражни
  - Изградба на улица
- **с. Браилово**
  - Оградување на ПУ Браилово
  - Изградба на улица
  - Чистење на одводните канали низ селото и надвор
  - Изградба на фекална канализација
- **с. Сливје**
  - Изградба на локалниот пат Костинци-Сливје
- **с. Дупјачани**
  - Оградување на ПУ Дупјачани
  - Изградба на локалниот пат Дупјачани – Десово
- **с. Дреновци**
  - Изградба на локалниот пат Дупјачани – Дреновци
  - Доградба на водоводот и пуштање во употреба
  - Оградување на ПУ Дреновци и изградба на игралиште
- **с. Небрегово**
  - Реконструкција на ПУ Небрегово
  - Обезбедување вода за пиење во селото

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## с. Забрчани, с. Маломраморани, с. Сенокос

- Изградба на фекална канализација
- Изградба на спортски центар

## с. Заполжани

- Изградба на фекална канализација
- Изградба на спортски центар
- Изградба на улици
- Изградба на локален пат Заполжани – с. Славеј, Општина Кривогаштани

## с. Новоселани

- Реконструкција на ПУ Новоселани

## с. Бело Поле

- Реконструкција на ПУ Бело Поле
- Изградба на улици низ селото

## с. Вранче

- Реконструкција на ПУ Вранче
- Изградба на локалниот пат Бело Поле – Вранче
- Изградба на улица во селото

## с. Средорек

- Изградба на локалниот пат Вранче – Средорек

## с. Сарандиново

- Реконструкција на ПУ Сарандиново и оградување
- Изградба на улици

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА